Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 553 www.mchamber.mk 15.12.2023




## Азески го презеде раководењето со Асоцијацијата на Балкански комори: За мене Балканот не е само регион, туку предизвик што го прифаќам со почит




## ГРАДЕЊЕ ОТПОРНОСТ ПРЕКУ ЕФЕКТИВНО ПЛАНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ КОНТИНУИТЕТ



## АКТУЕЛНИ ТЕМИ НА ДНЕВЕН РЕД НА СЕДНИЦАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

20.12.2023, Семинар
Означување на храната

20.12.2023, Семинар
Деловна статистика со напреден excel

21.12.2023, Семинар
Задолжителна пријава во инспекторат, усогласеност со мерки за безбедност и здравје при работа и употреба на контролен лист, обврски во поглед на боледувањето, други ситуации и третман на институт боледување

21.12.2023, Семинар
Задолжително затварање на деловодник, подготовка на овластувања за работа во писарницата за наредна година, подготовка и собирање на списите за враќање во писарница согласно законската регулатива и нивно складирање, средување и чување во архива

22.12.2023, Семинар
Еден ден- две вештини:excel и вештачка интелегенција

27.12.2023, Семинар
Воспоставување систем за управување со човечки ресурси (hrms-human resources management system)

24.01.2024, Семинар
Мотивација и задржување на вработените – како со gen z?

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Студентите по деловно право во посета на Постојаниот избран суд – Арбитража при Комората



Постојаниот избран суд – Арбитража денес беше домаќин на средбата со студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј"предводени од проф.д-р Татјана Зороска Камиловска. Студентите, кои во моментов се на мастер-студии по деловно право, имаа можност да ги надградат своите знаења преку практични примери и искуства од работата на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија и да разменат мислења околу специфични прашања што се важни за текот на арбитражната постапка.

Претседателката на Постојаниот избран суд – Арбитража при Комората, д-р Елена Милевска Штрбевска, ги информираше студентите за начинот на работа на Постојаната арбитража, а беа споделени практични искуства околу начинот на договарање на Арбитражата и постапувањето во случај на „патолошки арбитражни клаузули", како и за начинот на популаризација на овој алтернативен метод за решавање на споровите.

За пофалба се и напорите на наставниот кадар од Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје за реализирање практична настава во високото образование, со цел покрај теоретското знаење, да се стекнат и со практични знаења и искуства кои се од големо значење за натамошниот личен и професионален развој на младите правници, од една страна, и создавање високостручен кадар во согласност со потребите на работодавачите, од друга страна.

## ГРАДЕЊЕ ОТПОРНОСТ ПРЕКУ ЕФЕКТИВНО ПЛАНИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ КОНТИНУИТЕТ




Преку стратегија за вонредни ситуации како најдобар облик на заштита на бизнисите, Стопанската комора заедно со УНДП се вклучуваат во заеднички активности за "градење отпорност преку ефективно планирање на деловниот континуитет". Иако темата е специфична истата упатува на потреба од размислување, планирање и подготовка за непосакувани и непланирани случувања. Бизнисот, како и секој аспект од нашиот живот, стана непредвидлив. Од природни катастрофи, технолошки дефекти, пандемии, сајбер напади, до нерегуларности во снабдувањето. Имаме пред себе бескрајни предизвици. За да ги совладаме, треба да бидеме подготвени и респонзивни, истакна претседателот на Стопанската комора Бранко Азески во рамки на одржување на панел-дискусија на која се дискутираше на тема „Стратегии за деловен континуитет, научени лекции и предизвици".

Идејата за ваквата организација доаѓа како дел од активностите за одбележување на 60-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година.

Токму затоа кога зборуваме за континуитет во работењето, тоа не се однесува само на преживување во кризни ситуации, туку и на воспоставување и поддршка на основните операции и функции на бизнисот. Ова станува особено важно во периоди кога целиот свет, и ние секако, се соочуваме со предизвици кои се надвор од стандардите и усогласеноста. За сите нас, во организациите, во компаниите, имаме одговорност да ги заштитиме нашите вработени, да обезбедиме непрекинатост на услугите кон клиентите и да го поддржиме бизнисот во најразлични услови. Сега, повеќе отколку кога било, имаме можност и одговорност да го развиваме и унапредуваме нашиот план за континуитет на бизнисот. Ова вклучува инвестирање во технологија, едукација на вработените и постојано ажурирање на плановите и процесите, посочи Азески.

Армен Григорјан, постојан претставник на УНДП за Северна Македонија посочи дека УНДП има големо искуство во оваа област и во градење капацитети за брзи кризи ситуациии (земјотреси, поплави, пожари) но и за кризи кои се одвиваат со поспора динамика (како на пример менување на климатските промени). УНДП има искуство во оваа проблематика, а посебно во пандемијата подготви програмски обуки, кои ги модифицираа според потребите на секоја земја. И сега за Украина има еден вид, додека за Газа има друг вид на понуда. Најважно од се е да го направиме бизнисот поотпорен во состојба на криза вели Григоријан.

На панел дискусијата во Стопанската комора учествуваа Виктор Мизо, претседател на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора, Марта Грнарова, генерален менаџер на Завар компани, Тони Стојановски, генерален директор за корпоративно банкарство и член на УО на Стопанска банка АД, Скопје, Ѓорѓе Војновиќ, главен извршен директор на Триглав осигурување АД, Скопје, Ирвин Габриел Лопез, Специјалист за отпорност на приватниот сектор, Меѓународен центар за приватен сектор во развој, УНДП, Истанбул, Турција. Истата беше модерирана од Зоран Јовановски, потпретседател во Комората.

# Азески го презеде раководењето со Асоцијацијата на Балкански комори: За мене Балканот не е само регион, туку предизвик што го прифаќам со почит



На седницата на Генералното собрание на Асоцијацијата на Балкански комори (АБК) што се одржа на 13 декември (среда) во Солун, Грција беше потврден изборот на претседателот на Стопанската комора Бранко Азески за претседател на Асоцијацијата во следната година.

Досегашниот претседател Јоанис Масутис, кој истовремено е и претседател на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција и официјално му го предаде раководењето со Асоцијацијата, при што од негова страна беше истакнато дека потребата од соработка меѓу Коморите е голема зашто има влијание врз економиите од целиот регион.

Азески се заблагодари за можноста да придонесе за исполнување на зацртаните приоритети во заедничката агенда на АБК кои во 2024 година преку нашето претседателство ќе бидат клучни приоритети на земјите од регионот, се со цел создавање поголем економски раст. Тој го истакна значењето од реализација на инфраструктурните проекти и поддршката која што државите, но и меѓународните финансиски институции треба да ја дадат за напредок на целиот регион.

Извозот, инвестициите и инфраструктурата ќе бидат ставени во фокусот за време на претседателството од страна на Стопанската комора на Северна Македонија.



„За мене Балканот не е само регион, туку предизвик што го прифаќам со почит. И како лидер на Стопанската комора мојата цел е да го подигнам регионот на ново рамниште, со една мрежа која ја изградив низ годините. Балканот е прекрасно место, нема ниту тајфуни, ниту цунамија, нити циклони, што значи дека кафезот е од злато, ама „биљбиљот“ внатре не чини. За нас извозот е излезното решение и треба да го дуплираме. Тој е алфа и омега на нашето постоење. Нашите компании работат одлично и со грчките и со албанските и со турските. Зошто тоа не го гледаат политичарите? Зошто не ги тргнат границите? Ние кои сме претставници на приватниот сектор, не не интересира политика. Пуштете нè да работиме“, истакна Азески на Генералното собрание на АБК во Солун.

На седницата се расправаше и за актуелните прашања од економското опкружување на земјите од Балканот, вклучувајќи ги перспективите на Балканските земји да се приклучат на Европската Унија и Еврозоната, како и прашањето за трговската и економската интеграција на земјите од регионот.

На маргините на состанокот, претседателот Азески имаше одделни средби со претседателот на Унијата на Комори и стокови берзи на Турција, Рифат Хисарчиклиоглу, со Јоанис Масутис, претседател на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, како и со Цветан Симеонов, претседател на Стопанската комора на Бугарија.

Потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевеска во делот на сесијата на АБК Генералното собрание наменет за меѓусебната соработка и можностите за зголемување на истата истакна дека, главен фокус во рамки на претседателството на Асоцијацијата на Балкански комори под водство на претседателот Азески и нашата Комора во следната година ќе биде прашањето за инфраструктурата и поврзаноста помеѓу балканските земји.





## Одржана „Регионална конференција на ЕЕН“ во Скопје, на 6-7 декември 2023 година



Во рамки на Европската мрежа на претприемниште - Enterprise Europe Network се одржа 13-та по ред дводневна „Регионална конференција на ЕЕН“, на 6-7 декември 2023 година, во хотел Александар Палас во Скопје, во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стопанската комора на Северна Македонија и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување заедно со регионалните партнери од Хрватска, Србија, Црна Гора, Словенија и Босна и Херцеговина.

На оваа, 13та по ред, „Регионална конференција на ЕЕН“, присуствуваа над 70 учесници, претставници на партнерските организации и институции од регионот.

Модератор на конференцијата беше проф. д-р Виктор Стојмановски, координатор на ЕЕН за Македонија (ЕЕНОМА), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој ги поздрави присутните и им посака добредојде на конференцијата.

Поздравни говори имаа Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора на Северна Македонија, Габриела Костовска Богоеска, директор на Фондацијата за менаџмент и индустриски истражувања од Скопје и проф. д-р Валентина Гечевска, проректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои ги поздравија присутните претставници на партнерските организации и институции од регионот и го потенцираа значењето на ЕЕН мрежата во регионот и пошироко.



- ЕЕН платформата овозможува директна интеракција меѓу компаниите и бизнис советниците од земјите на Југоисточна Европа кои обезбедуваат персонализирани услуги за интернационализација, пристап до финансирање и комерцијализација на иновациите, пристап до пазарите на ЕУ и пошироко, посочи Пешев во своето обраќање.

На конференцијата се одржаа две панел дискусии со две значајни теми и интересни учесници. Првиот панел, беше на тема - „Размена на добри практики и можности за инвестиции во обновливи извори на енергија“, модериран од страна на Никола Битрак, извршен директор на Коленко, консултанска компанија за енергетика од Скопје, кој ги поздрави присутните, го објасни значењето на мрежата и работењето на компанијата Коленко и ги најави говорниците, панелисти да се претставaт пред учесниците. Говорници на овој панел беа Љиљана Белада, Министерство за економија на Црна Гора, Младен Костиќ, Технолошки парк ИНТЕРА, Босна и Херцеговина, Тодор Анѓушев, Фероинвест групацијата, Скопје и Стефан Костовски, претставник од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во Македонија, кои по своето претставување изнесоа видувања за тоа колку и како се инвестира во обновливи извори на енергија во регионот и тоа во Црна Гора, Босна и Херцеговина и во Македонија и можни извори на финансирање за МСП.

Вториот панел, беше на тема - „Алатки и методи за усвојување и користење на циркуларната економија“ од страна на стартапите и малите и средни претпријатија, модериран од страна на Емилија Андонова, Фондација за менаџмент и индустриски истражувања од Скопје, која ги поздрави присутните, го објасни значењето и работењето на ЕЕН мрежата со новите алатки и ги најави говорниците, панелисти да се претстават пред учесниците. Говорници на овој панел беа Тања Радушиновиќ, од Стопанската комора на Црна Гора, Аида Џамалија Дуран, од СЕРДА, од Босна и Херцеговина, и Ведрана Ајановиќ , БИТ Центар Тузла, Босна и Херцеговина, кои ги споделија своите успешни искуства на работа со компаниите и истакнаа дека неопходно е да се подобрат советодавните услуги на институциите за поддршка на малите и средни претпријатија, особено со акцент на стартапите во целиот регион и пошироко.

Целта на овој регионален настан е подобрување на соработката меѓу регионалните партнери и конзорциуми на ЕЕН и подобрување на квалитетот и капацитетот на услугите.

## Актуелни теми на дневен ред на седницата на Управен одбор на Советот на странски инвеститори




Управниот одбор на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија одржа редовна седница на којашто се дискутираше за повеќе точки на дневниот ред поврзани со актуелни теми и економски состојби во земјата.

Виктор Мизо, претседател на Советот на странски инвеститори пред присутните членови на Управнио одбор ги сподели првичните резултати од најновата Анкетата за странските директни инвестиции 2023 година - Business and Investment Indicator 2023 со посебен осврт на актуелните состојби, остварените резултати и очекувањата за идната година.

Анкетните резултати ќе бидат основа за предлагање мерки и препораки за подобрување на на климата за водење на бизнис и инвестирање во земјата и истите ќе бидат споделени и дискутирани на јавна презентација пред компаниите, медиумите и заинтересираните институции со цел запознавање на пошироката јавност.

Истовремено, клучните поенти од анкетното истражување кои доминантно го отсликуваат мислењето на странските инвеститори во земјава ќе бидат дискутирани и на средбите со политичните партии пред престојните избори закажани за следната година.



Во понатамошниот дел од седницата, потпретседателот на Комората Зоран Јовановски ги запозна присутните дека во наредните пет години Стопанската комора на Северна Македонија ќе биде дел од програмата „Граѓаните против корупцијата“ предводена од Македонскиот центар за меѓународна соработка. Покрај Комората, партнери во програмата се Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), ИДСЦС, 360 Степени, Истражувачка репортерска лабораторија, Македонија (ИРЛ) и Балканска истражувачка репортерска мрежа, Македонија (БИРН).

Општа цел на програмата е да се зголеми вклученоста и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, што ќе доведе до подобрување на реакцијата на државните институции и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и локално ниво.

Според Јовановски, целокупниот програмски пристап се заснова на широка акција за подигнување на свеста која ги обединува граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор.

Како и досега, и во наредниот период, приоритет на новото раководство ќе биде Советот да земе активно учество во процесите за создавање подобро деловно опкружување и подобрување на условите за водење бизнис во земјата преку предлагање мерки и препораки за креирање на најдобри можни решенија кои ќе донесат одржлив и побрз економски развој, но и за поголема атрактивност на земјава за задржување на постојните и привлекување нови инвеститори.

СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар**
**20.12.2023**

# ДЕЛОВНА СТАТИСТИКА СО НАПРЕДЕН EXCEL
Онлајн семинар

Статистичките методи и модели спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме статистичките модели и методи, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки, особено да ја антиципираме иднината.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Ја предвидуваат иднината (business forecasting);
- Препознаваат ситуации во кои примената на статистичките методи може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна статистичка анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Предавач: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот "Свети Апостол Павле" во Охрид и Универзитетот во Валенсија.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар**
**21.12.2023**

# Задолжителна пријава во инспекторат, усогласеност со мерки за безбедност и здравје при работа и употреба на контролен лист, обврски во поглед на боледувањето, други ситуации и третман на институт боледување

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 декември 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „ПОВРЕДА ПРИ РАБОТА И ИМПЛИКАЦИИ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ: Задолжителна пријава во инспекторат, усогласеност со мерки за безбедност и здравје при работа и употреба на контролен лист, обврски во поглед на боледувањето, други ситуации и третман на институт боледување".

Цел на оваа онлајн работилница е да се информираат работодавачите за нивните обврски во поглед на обезбедувањето на безбедноста и здравјето при работа, при што, ќе се разгледаат најчестите и најважните мерки кои тие треба да ги преземат. Особено внимание ќе се посвети на повредата при работа и обврските кои следуваат за работодавачот во поглед на пријава до надлежниот инспекторат, последователната постапка за контрола и нејзиниот исход.

Заради комплетирање на темата ќе се разгледа и контролната листа понудена од државниот инспекторат за труд, како една корисна алатка при вршење на внатрешна контрола, пред воопшто да стане збор за контрола од страна на инспекторатот.

Во вториот дел на работилницата ќе се разговара за боледувањето како причина за отсуство од работа, при што ќе се објаснат генералните принципи на овој институт, а посебно внимание ќе се посвети на ситуацијата кога боледувањето е отворено поради повреда на работа до која дошло заради необезбедување на соодветни мерки за заштита на безбедноста и здравјето при работа.

Работилницата ќе има интерактивен пристап. Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 21.12.2023**

## Задолжително затварање на деловодник, подготовка на овластувања за работа во писарницата за наредна година, подготовка и собирање на списите за враќање во писарница согласно законската регулатива и нивно складирање, средување и чување во архива

Целта на „онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на затварање на деловодник поради завршување на тековна година, подготовка на овластувања за вработените кои се распоредени во писарница и архива, подготовка и составување на записници за враќање на документите во писарница и нивно средување во архивски кутии и сложување во архива, поврзување на броеви кои заостанале од минатата година незавршени или не одговорени и слични проблематики кои би произлегле во текот на работењето.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 22.12.2023**

## ЕДЕН ДЕН- ДВЕ ВЕШТИНИ:EXCEL И ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА
## Онлајн семинар

Во денешниот свет на промени владеењето на Excel е многу барана вештина за вработените - неговото познавање практично претставува стандард во деловниот свет.

Првиот дел од онлајн семинарот е наменет за сите кои го применуваат Excel во секојдневното работење и кои имаат потреба побрзо, подобро и поефикасно да го користат. Тој опфаќа корисни совети кои ќе овозможат кратење на времето за изработка на различни задачи, кратки и јасни содржини без премногу теорија и со конкретни примери од пракса кои ќе Ви овозможат лесно да го разберете градивото и да го примените стекнатото знаење.

Следењето на промените се клучни за компаниите да останат конкурентни во денешното брзо растечко технички опкружување. Вработените можат да ги подобрат своите вештини и значително да придонесат за успехот на компанијата во сè повеќе деловно опкружување управувано од податоци.

Вториот дел од онлајн семинарот опфаќа вовед во работењето со апликации за вештачка интелигенција вклучувајќи ја и апликацијата „Чет-ГПТ". Имено, вештачката интелигенција станува дел од секојдневниот живот, која се развива и ги менува нашите професионални и лични животи. Затоа е важно да се започне со едукација за основите на вештачката интелигенција како и за едноставна примена во канцеларискoто работење. Учесниците на онлајн семинарот ќе имаат прилика да видат како се пишува мотивациско писмо, пофалба/жалба за одредени услуги, деловно писма до клиентите и слично со помош на „Чет-ГПТ". Исто така ќе научат како да направат презентација само со задавање на нејзиниот наслов како и ќе добијат насоки за користење на други апликации од областа на вештачката интелигенција.

Основен услов за следење на семинарот е учесникот да има познавања од работа со компјутер и основни познавања на програмата за табеларно пресметување – Excel 2016.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
27.12.2023

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (HRMS-HUMAN RESOURCES MANAGEMENT SYSTEM)

Целта на семинарот е пред се` да се развие свеста дека човечките ресурси, т.е. човекот не е најважен ресурс само на харитја или само за да се напише тоа на сајт, туку е во суштина најважен ресурс на секој процес во која било компанија. Затоа, на човечките ресурси не можеме да им пристапиме само како на позиција за кадровска евиденција, туку мораме исите стратешки да ги планираме, да ги обезбедиме, да управуваме со нивната работа, да ги развиеме итн.

Другата цел на семинарот е да се понудат насоки, упатства и добра пракса како во Вашата организација, која е засебно специфична, да воспоставите систем на управување со човечките ресурси (HRMS), и тоа адекватен за вашата бранша, организациска структура, специфични процеси и постојната корпоративна клима.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за менаџери, раководители, тим лидери и вработени во човечки ресурси и во правен сектор, како и за менаџери од сите нивоа (топ, среден и линиски), сопственици на компании и останати вработени кои сакаат да го прошират и усовршат своето знаење по дадената проблематика.

Предавач: Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад. Дваесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music“ - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти  и опрема), „ABC Proizvod“ - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality“ - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
24.01.2024

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се “нелогични” и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не останувaат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 24 јануари 2024 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?”. На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ваш деловен соработник во светот на бизнисот**

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

101 години



Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088